ИСРСМ - Лиценца за ИНСТИТУТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА нарачка: 3692 датум: 08.07.2019, копирањето и ставањето во мрежно користење е забрането.



## Вовед

Овој документ е развиен со цел да се промовира довербата во работата на лабораториите. Овој документ содржи барања за лаборатроиите за да им овозможат да демонстрираат дека работат компетентно и се во можност да дадат валидни резултати. Лабораториите кои се во согласност со овој документ исто така дејствуваат генерално и во согласност со принципите на ISO 9001.

Овој документ бара од лабораториите да планираат и имплементираат мерки кои се повикуваат на ризик и можности. Повикувањето на ризик и можностите воспоставуваат основа за зголемување на ефективноста на системот за управување, достигнување на докажани резултати и заштита од негативни ефекти. Лабораторијата е одговорна за одлучување на кои ризици и можности треба да се повикаат.

Употребата на овој документ ќе ја олесни соработката помеѓу лабораториите и другите тела, и ќе помогне во размена на информации и искуство, и во хармонизација на стандардите и процедурите. Признавањето на резултатите помеѓу државите е олеснето ако лабораториите се усогласат со овој документ.

Во овој документ, следните форми на зборови се употребуваат:

- ("shall") „мора“ значи барање;
- ("should") „треба“ значи препорака;
- ("may") „може“ значи дозвола;
- ("can") „може“ („би можело“) значи можност или способност.

Други детали можат да се најдат во ISO/IEC директивите, Дел 2.

За истражувачки цели, се охрабруваат тие што го употребуваат овој документ да ги споделат нивните погледи за овој документ и нивните приоритети за измена за понатамошни изданија. Кликни на линкот подолу за да земеш учество во анкета:

17025_ed3_usersurvey